# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи тоа содржи важни информации за Вас.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми на болеста се слични со Вашите.*

**Упатството содржи:**

*1 Што претставува Penolon и за што се употребува*
*2.Што мора да знаете, пред да го употребите лекот Panolon*
*3. Како да го употребувате лекот Panolon*
*4.Можни несакани дејства на лекот Panolon*
*5.Чување и рок на употреба на лекот Panolon*
*6.Други информации*

## PANOLON/ПАНОЛОН

**fluocinolon acetonid**
**крем**

*Активна супстанција:* флуоцинолон ацетонид.
*Помошни состојки:* сорбитан стеарат, цетил алкохол, парафин (бел, мек), парафин (лесен, течен ), пропиленгликол, полисорбат 60, безводна лимонска киселина, бензил алкохол и вода за инјекции.

**Производител**
ХЕМОФАРМ АД, Београдски пут б.б., 26300 Вршац, Република Србија.

**Носител на одобрението за промет во Република Македонија**
ХЕМОФАРМ А.Д, Фармацевтско-Хемиска Индустрија, Претставништво Скопје, Република Македонија, ул.Иво Лола Рибар 39/1-1, Скопје, Р. Македонија.

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА PANOLON И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

**Состав**
Еден грам Panolon крем содржи 0.25 грама флуоцинолон ацетонид.

**Пакување**
Алуминиумска туба со 15 g крем.

**Како делува PANOLON?**

Panolon крем како активна супстанција содржи флуоцинолон ацетонид кој припаѓа на групата лекови познати како кортикостероиди. Кортикостероиди се хормони кои се синтетизираат во надбубрежната жлезда и имаат многу важни функции во организмот вклучувајќи ја и контролата на инфламаторниот одговор ( реакцијата на организмот на воспалението). Флуоцинолон ацетонид е локален синтетски кортикостероид кој се користи за намалување на воспалението на кожата и отстранување на свработ. Panolon крем е погоден за употреба кај влажни промени на кожата, а Panolon маст е погодна за суви заболувања на кожата ( промени со луштење на кожата ).

Panolon доведува до намалување на воспалението на кожата и го отстранува свработ преку инхибиција на дејството на некои супстанции кои имаат важна улога во имуниот систем, а се создаваат како резултат на алергија ( преосетливост ) или иритација.

**Кога се употребува PANOLON® ?**

Panolon се користи за отстранување на воспалението и свработ на кожата при инфламаторни заболувања како што се екцем или дерматитис, воспаление на надворешното уво и псоријаза.

Вашиот доктор може да ви препише Panolon и во случај на дразнење на кожата после контакт со хемокалии или други алергени ( контактен дерматитис ), инфламаторни заболувања на кожата со масни, црвени и промени на кожата со луштење ( себороичен дерматитис ), инфламаторни заболувања на кожата како што се дискоиден лупус еритаматозус и други воспалителни промени на кожата. Panolon може да се користи и при заболувања на кожата како што се лихем планус ( појава на зарамнети промени над нивото на кожата со виолетова боја, со свраб, најчесто над рачнуиот зглоб потколеницата, долниот дел на грбот и гениталната регија) и неуродерматитис ( промени на кожата поради интензивно чешање од свработ ).

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ ЛЕКОТ PANOLON

*Информирајте го Вашиот доктор ако имате некоја хронична болест, метаболно заболување, ако сте алергични на овој лек или на други лекови или ако користите други лекови.*

**Немојте да употребувате PANOLON ако:**

- сте имале или имате алергија ( преосетливост ) на флуоцинолон или на некоја од помошните состојки на лекот.
- ако имате нелечена инфекција на кожата предизвикана со габички (пример: атлетско стопало) или бактерии (пример: импетиго).
- ако имате инфекција на кожата предизвикана со вируси вклучувајќи hepres simplex, vaccinia и варичела ( овчи сипаници );
- ако имате заболување како што е Акне Розацеа ( хрониччно воспалително заболување на кожата на лицето );
- ако имате заболување како што е Акне вулгарис;
- ако имате периорален дерматитис ( воспалителен исип околу усните );

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

- ако имате аногенитален јадеж ( свраб во предел на половата регија);
- ако имате псоријаза со дифузни плаки ( облик на псоријаза со промени кој ја зафаќаат поголемата површина на кожата).

Panolon не се применува кај деца помлади од 2 години како и кај деца кај кои се јавува исип при употреба на пелени.

**При употреба на Panolon посебно треба да го предупредите Вашиот доктор во следните случаи:**

- Ако после 7 дена примена на лекот не забележите подобрување на состојбата на кожата.
- Овој лек не треба да се користи подолго од 5 дена во колку лекот се дава кај деца или се применува на кожата на лицето. Продолжена примена на овај лек на поголема површина на кожатам, на места каде има превиткување на кожата или под оклузивен завој може да доведе до апсорпција на лекот во крвта. Тоа го зголемува ризикот од јавување на несакани дејства кои се слични со несаканите дејства кои се јавуваат при перорална примена на кортикостероиди во подолг временски период.
- Продолжена примена на производи кои содржат локални кортикостероиди може да доведе до атрофија на кожата и поткожното ткиво што се манифестира со променет изглед на кожата ( истенчена кожа со намалена еластичност и функција ).
- Лекот може да се користи под оклузивен завој само ако така ви го препорачал вашиот доктор.
- Во колку во тек на лекувањето на кожата забележите инфекција околу местото на примената на лекот.

**Употреба на Panolon со храна или со пијалок**

Лекот може да се зема независно од употребата на храна или пијалок.

**Бременост и доење**

*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.*

Во колку сте бремени, планирате да забремените или доите, обратете се кај Вашиот доктор.

Овој лек не би требало да го користите за време на бременост, освен во случај Вашиот доктор да ви го препише овај лек. Во колку Вашиот доктор ви го препишал лекот, не треба да го користите лекот на поголеми површини на кожата, под оклузивен завој или во подолг временски период.

Во колку доите, а Вашиот доктор ви го препишал овој лек, не би требало да го користите на поголема површина на кожата, под оклузивен завој или во подолг временски период. Во колку го аплицирате лекот на кожата на дојките, после примената на лекот , а пред секое доење внимателно очистете ја кожата.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини**
Нема податоци дека флуоцинолон ацетонид може да влијае на психофизичките способности при управување на моторно возило или употреба на машини.

**Што треба да знаете во однос на помошните состојки кои ги содржи Panolon**
Помошните супстанции кои се наоѓаат во лекот Panolon крем може да предизвикаат локална иритација на кожата.

**Употреба на други лекови**
*Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт ако земате, или ако до неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*
Производите кои се аплицираат на кожата, а содржат кортикостероиди или имаат иритантно дејство можат да влијаат на дејството на флуоцинолон ацетонид или да го зголемат ризикот од јавување на несакани дејства. Во колку земате некој од овие лекови, обратете се кај Вашиот доктор.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ЛЕКОТ PANOLON
*Строго придржувајте се кон упатствата на докторот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со Вашиот доктор. Ако сметате дека ефектот на лекот е премногу слаб или премногу силен, посоветувајте се со Вашиот доктор.*
Овој лек е наменет исклучиво за локална употреба.
Вообичаено е два до три ( 2-3) пати на ден тенко да се премачка заболеното место со Panolon крем. Траењето на терапијата ќе го одреди Вашиот доктор.
Во колку Вашиот доктор ви советува да користите оклузивен завој пред примената на овој лек, кожата на која се аплицира лекот мора да биде добро очистена пред ставањето на завојот.
Panolon крем е погоден за лекување на влажни промени на кожата.
При суви заболувања на кожата се користи Panolon маст. По потреба може да се користи и оклузивен завој.
Во тек на примената на овој лек одбегнувајте контакт со очите или слузниците. Во колку дојде до контакт зафатената површина треба да се испере со ладна вода.

**Ако сте земале поголема доза од лекот отколку што е потребно:**
Не би требало да се јават токсични ефекти при инцидентно голтање на овој лек.
*Сепак, ако сте проголтале поголема количина од лекот, веднаш треба да се посоветувате со Вашиот доктор или фармацевт или обратете се до најблиската здравствена установа.*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Ако сте заборавиле да земете Panolon:**
*Ако сте заборавиле да го земете лекот на време не се вознемирувајте. Земете го лекот веднаш штом ќе се сетите. Ако се наближува времето за земање на следната доза, изоставете ја пропуштената доза.*
*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.*

**Што ќе се случи ако нагло престанете да го земате овој лек?**
Нема да почуствувате никакви промени ако нагло престанете да го земате лекот.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА НА ЛЕКОТ PANOLON

*Како и сите лекови, Panolon може да предизвика несакани дејства кај некои пациенти.*
*Несаканите дејства кои се наведени во наредниот текст обично се јавуваат на почеток на лекувањето и се минливи.*
*Во колку се јави некое од несаканите дејства кои се наведени во наредниот текст или тегобите подолго траат или се непријатни, обратете се кај Вашиот доктор.*
Помалку често или ретко може да се јават: осет на жарење, сува кожа, иритација, сврабб, црвенило на кожата (обично се благи и минливи), изразено црвенило и перутање на кожата ( обично благо и минливо), исип на кожата ( обично благ и минлив).

Во колку се јави некое од следните несакани дејства, веднаш обратете се кај Вашиот доктор:

**Помалку често или ретко може да се јават:**

- пликови на кожата кои содржат крв;
- одсуство на подобрување на основната болест;
- трнење на прстите;
- болни, црвени гнојни пликови во фоликулите на влакната со свраб;
- инфекција на кожата;
- атрофија на кожата ( беличесто истенчена кожа), модрици.

*При подолга примена на овој лек може да се јават дополнителни несакани дејства. Во колку се јават, веднаш обратете се кај Вашиот доктор.*

**Ретко може да се јават:** акни или масна кожа, болка во грбот, замаглен вид, болка во окото или губење на видот ( настанува постепено и тоа во колку препаратот се применува блиску до окото ), осет на жарење или свраб со пликови, полно и заокружено лице, зголемен крвен притисок и пореметување на срцевиот ритам, пореметување на менструалниот циклус, иритација на кожата околу усните, депресија, грчеви и болки во мускулите, мачнина, губење на апетитот, повраќање, брзо добивање во тежина или губење на тежината, нелагодност и печење во стомакот, грчеви и болка во стомакот, оток на стопалата и потколеницата, намалување на сексуалната желба и потенција кај мажи, растење на влакна на невообичаени места, посебно на лицето, невообичаено губење на косата на главата), малаксалост и слабост.

*Ако забележите било какви несакани дејства кои не се спомената во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт.*

## 5. ЧУВАЊЕ НА ЛЕКОТ PANOLON

***Лекот да се чува на места недостапни за децата !***

Да се чува на температура до 25°C

После отварањето, производот да се чува во добро затворена туба и може да се користи до истекот на рокот на употреба

**Рок на употреба**

2 ( две ) години.

*Лекот не смее да се употребува после истекот на датумот на употреба што е наведен на пакувањето.*

**Начин на издавање**

Лекот може да се издава во аптека само на лекарски рецепт.

**Инструкции за употреба, ракување и уништување**

Неупотребената количина на лекот да се уништи согласно важечките локални прописи.

**Датум на последна ревизија на упатството**

Февруари 2009 година.

## 6. ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

Ако сакате и други информации во врска со овој лек, Ве молиме контактирајте го носителот на одобрението за промет:

ХЕМОФАРМ А.Д, Фармацевтско-Хемиска Индустрија, Претставништво Скопје, Република Македонија, ул.Иво Лола Рибар 39/1-1, Скопје, Р. Македонија.

**Телефон:**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ